РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА
Бр. 29-2620/6
22.07 2024 год
КРИВА ПАЛАНКА

Врз основа на член 27 и 50 од Законот за урбанистичко планирање („Сл.весник на Р.С.М.“ бр.32/20 и 111/23) и член 23 од статутот на општината Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр.8/10, 12/10, 8/14, 2/18, 3/19, 8/21, 01/23 и 05/23), градоначалникот на општината Крива Паланка донесе

**С О О П Ш Т Е Н И Е**
**За организирање на јавна анкета и јавна презентација**
**за Детален Урбанистички План за дел од блок Ј-01**
**КО Крива Паланка Општина Крива Паланка**

Јавната анкета по горенаведениот план ќе се одржи од 07.08.2024 година до 10.09.2024 година секој работен ден од 07:30 до 15:30 часот во просториите на Одделението за урбанизам и заштита на животната средина при општината Крива Паланка.

Детален Урбанистички План за дел од блок Ј-01 КО Крива Паланка Општина Крива Паланка ќе биде изложен на печатени плакати и соопштенија во и околу планскиот опфат и на информациските табли на општаната Крива Паланка, во информацискиот систем е-урбанизам и во просториите на општината Крива Паланка.

Јавната презентација за Детален Урбанистички План за дел од блок Ј-01 КО Крива Паланка Општина Крива Паланка ќе се одржи на ден 23.08.2024 година со почеток во 09,00 часот во големата сала на општината Крива Паланка.

Планскиот опфат кое е предмет на уредување на Детален Урбанистички План за дел од блок Ј-01 КО Крива Паланка Општина Крива Паланка зафаќа површина од 10,99ха и просторот за кој се работи ДУП го опфаќа делот од блок Ј-01, со плански опфат кој е дефиниран со следниве граници:
-од север регулација на „Крива Река“,
-од запад регулација на „Скрљавски дол“,
-од југ ул..„Св.Јоаким Осоговски“,
-исток регулација на Дол „Житен склад“.

Анкетните листови за учество во јавната анкета се наоѓаат во архивата на општината Крива Паланка и во горенаведениот рок заинтересираните правни и физички лица можат да доставаат писмени забелешки преку анкетните листови или забелешки во електронска форма преку информацискиот систем на е-урбанизам.

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Градоначалник**
**Сашко Митовски**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА